Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE
Арх. бр/Nr. arh. 11-1003/7

Дата/Data: 11-08-2025 год/viti

Архивски знак: 0302
Рок на чување: 3 год.
14.08.2025 год.
Потпис,

**ДО** : ГД Гранит Скопје
Ул.Димитрие Чупоски бр.8, Скопје

**ПРЕДМЕТ**: Решение за Дозвола

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Дозвола за користење на вода од бунар за технолошки потреби за потребите на ГД Гранит Скопје на КП 29/1 КО Косел,општина Охрид

Со почит,

**DREJTUAR: NN Granit Shkup**
**rr.Dimitrie Cuposki nr.8 Shkup**

**LËNDA**: Vendim per Leje

Të nderuar

ГД Гранит АД - Скопје II

| Примено: 14.08.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 26 | 26-501 | | |

Në bashkëngjitje të kësaj shkrese, ju dërgojmë lejen per shfrzteyim te ujit nga pusi per nevojat teknologjike per NN Granit Shkup ne PK 29/1 KK Kosel, komuna e Ohrit

Me respekt,

MINISTËR
**Izet Mexhiti**

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изработил/Përpiloi:Kasam Zeqiri ,Раководител на одделение/ Udhëheqës njësie
Одобрил/Miratoi: Ylber Mirta, Раководител на сектор/Udhëheqes sektori

Согласен /Aprovoi: Husamet Agushovski – Посебен советник / Këshilltarë i posaçëm

**Управа за животна средина**
**Директор**
**Игор Никоски**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Врз основа на член 40 од Законот за водите, министерот за животна средина и просторно планирање постапувајќи по барањето за издавање дозвола за користење на вода бр. 11-1003 на ден 11-08-2025 издава

**ДОЗВОЛА**

**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА**

На: ГД Гранит Скопје ул.Димитрие Чупоски бр.8, Скопјесо ЕМБС број: 4054261 и ЕДБ4030996123112 се стекнува со водно право за користење на подземна вода од ЕБ-1 за индустриски, стопански и технолошки потребиод експлоатационен бунар КО Косел, лоциран во подрачјето на речен слив Црн Дрим.

согласно следните услови и обврски утврдени во оваа Дозвола:

**1. УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ И ДЕЈНОСТИТЕ**

**1.1. Податоци за локацијата на местото на зафаќање/црпење/акумулирање и услови за вршење на активноста и дејноста**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Координати на локацијата на местото на зафаќање (Gauss Kruger)** | X1 | 4 | 5 | 5 | 8 | 9 | 2 | 6 |
| | Y1 | 7 | 4 | 8 | 7 | 2 | 9 | 7 |

| | |
|---|---|
| **Број на катастарска парцела**<br>*(се внесуваат сите катастарски парцели на кои се наоѓа локацијата на водостопанскиот објект за зафаќање/ црпење/ акумулирање)* | КП 29/1 |
| **Катастарска општина** | КО Косел |
| **Населено место** | **Косел** |
| **Општина** | Охрид |

**1.2. Податоци за водното тело кое се користи:**

**ВИД НА ВОДИ:**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk
Republika e Maqedonisë së Veriut

| 2. НАМЕНА | |
|---|---|
| **2.1. Намената на водата која се зафаќа или црпи за секоја од категориите** | |
| Консумирање од страна на човекот и напојување на добиток | |
| Одгледување на риби | |
| Наводнување на земјоделско земјиште | |
| Производство на електрична енергија и други погонски потреби | |
| Индустриски, технолошки, комерцијални и стопански потреби | Користење на подземна вода од бунар за технолошки потреби на бетонската база на ГД Гранит АД Скопје |
| Одводнување | |
| Други намени | |
| Максимална дозволено количество на вода која се црпи/зафаќа за намената конверзија: 1m$^3$ = 1000 литри 1m$^3$/h=0.2778 л/sec | **l/s или m$^3$/s**<br>зафаќањето да не надмине Q= 4,34 л/с |
| Биолошки минимум на водното тело од кое се црпи/зафаќа вода (1/10 од просечни, повеќе годишни, средно годишни води на водното тело) | |

| **2.1.4 ИНДУСТРИСКИ, ТЕХНОЛОШКИ,КОМЕРЦИЈАЛНИ И СТОПАНСКИ ПОТРЕБИ** | |
|---|---|
| Сектор (вид на процес) | |
| Активност | Индустриски, технолошки и стопански потреби за производство на бетон за потребите на ГД Гранит Скопје Ул.Димитрие Чупоски бр.8, Скопје |
| Динамика на користење на водата годишно согласно податоци од техничката документација<br>**l/s или m$^3$/s** | |

| Месец | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Количество на вода во м$^3$ | 3168 | 3168 | 6336 | 6336 | 6336 | 6336 | 6336 | 6336 | 6336 | 6336 | 3168 | 3168 | 63360м3 |

| КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА КОЈА СЕ КОРИСТИ | | |
|---|---|---|
| Параметри | Мерни единици | Гранична дозволена вредност |
| Физичко - Хемиски параметри | Утврдени за квалитет на техничко-технолошка вода во Уредба за класификација на водотеците на РМ (Сл.весник на РМ бр.18/99) | Согласно Уредба за класификација на водотеците на РМ (Сл.весник на РМ бр.18/99) |
| Микробиолошки параметри | | |
| Индикаторски задолжителни параметри | Утврдени за квалитет на техничко-технолошка вода во Уредба за класификација на водотеците на РМ (Сл.весник на РМ бр.18/99) | Согласно Уредба за класификација на водотеците на РМ (Сл.весник на РМ бр.18/99) |

| 3. УСЛОВИ И МЕРКИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОЧИТУВААТ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗГРАДБАТА И ПРИ ВРШЕЊЕ НА АКТИВНОСТА | |
|---|---|
| Место на зафаќање/црпење, реф. број/назив | Зафаќање од бунар |
| Вид на извориштето (водното тело) | водотек<br>☐ акумулација<br>☐ езеро<br>☐ извор<br>☒ подземна вода<br>☐ плавена рамнина |
| Назив на извориштето | Подземно водно тело |
| 1. Услови и мерки за изградба/реконструкција на објектите и постројките | / |
| 2. Услови и обврски за режимот за работа на објектите и постројките и капацитетот | Режимот на зафаќање, на подземна вода да се врши на начин што ќе ги задоволува првенствено потребите за зафаќање на вода за потребите на ГД Гранит Скопје ул.Димитрие Чупоски бр.8 Скопје. |


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk
Republika e Maqedonisë së Veriut

| | |
|---|---|
| 3. Услови и обврски за режимот за работа на објектите и постројките и капацитетот | Носителот на дозволта е должен загубите во системот да ги сведе на минимум, како и да ги превземе сите потребни мерки за тоа |
| 4. Услови и обврски за режимот за работа на објектите и постројките и капацитетот | Носителот на дозволата е должен водозафатните објекти и придружните објекти (цевковод и др.) да ги одржува во функционална состојба. |
| 5. План за одржување и експлоатација на објектите и постројките за зафаќање/црпење и доведување на водите | Да се врши континуирано одржување на зафатните објекти, цевководите со придружните објекти согласно планот за редовно одржување на објектите |
| Намена на водостопанскиот објект постројка/ категорија/ намена | Основна намена: зафаќање на подземна вода за потребите ГД Гранит Скопје Ул.Димитрие Чупоски бр.8, Скопје. |
| Дозволата се издава за црпење/зафаќање на годишно ниво или сезонски или друг предвидлив повеќе годишен период | ☒годишен ☐друг предвидлив повеќегодишен период<br>Забелешка: |
| 6. Услови за спречување на негативното влијание врз водното тело при вршење на дејностите и активностите | На местото на зафаќање на подземната вода да се предвиди и вгради уред за мерење на зафатената количина на вода и за истиот да се води уредна евиденција на дневна основа. Податоците од извршените мерења и анализите за квалитет да се доставуваат до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина . |
| 7. Услови за спречување на негативното влијание врз водното тело при вршење на дејностите и активностите | Максималните количини на зафатена вода несмее да ги надмине дозволените количини на црпење. |
| 8. Услови за спречување на негативното влијание врз водното тело при вршење на дејностите и активностите | Доколку при зафаќање на подземната вода настанат штети од поплави за кои причинител е Носителот на дозволата должен е тоа да го реши и надомести на своја сметка. |
| 9. Услови за спречување на негативното влијание врз водното тело при вршење на дејностите и активностите | Носителот на дозволата е должен да ги одржува и соодветно да управува со поставените пиезометри на ободот на радиусот на депресијата на бунарите во фаза на експлоатација.<br><br>Носителот на дозволата е должен да врши континуирано одржување на системот и заштита на површинската вода од загадување. |

| | |
|---|---|
| 10. Обврска за мерки за минимизирање на негативните ефекти врз животната средина и населението | Редовно да се следи состојбата со квалитетот и количината на подземното водно тело и системот редовно да се одржува во исправна состојба. |
| 11. Ограничувања на активноста/ дејноста | Доколку во текот на работа на системот се наложи потреба од измени и дополнување на усвоеното решение од водостопански аспект, Носителот на дозволата е должен за истите да бара предходно мислење и согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање. |
| 12. Ограничувања на активноста/ дејноста | Доколку носителот на дозволата целосно или делумно не постапи во согласност со Решението, Министерството за животна средина и просторно планирање целосно или делумно ќе ја поништи издадената дозвола. |
| 13. Ограничувања на активноста/ дејноста | / |
| 14. Обврска за мерење на зафатената/исцрпена/акумулирана количина на вода и водење на евиденција | Да се врши континуирано мерење на количествата на вода што се зафаќаат од бунар ЕБ-1 и да се води уредна евиденција на дневна основа од мерењата и истите да се доставуваат до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на животната. |
| 15. Обврска за следење на квалитетот на зафатена/исцрпена/акумулирана вода и обврска за следење на квалитетот на испуштена вода во водно тело и водење на евиденција | Носителот на дозволата е должен да води уредна евиденција на податоците од поставените пиезометри по ободот на радиусот на депресијата на експлоатациониот бунар најмалку еднаш месечно.<br><br>Редовно да се следи состојбата на квалитетот на зафатената вода од подземното водно тело и податоците од извршените мерења да се доставуваат до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, органот надлежен за безбедност на храна и органот надлежен за здраствене заштита. |
| Други | |
| **4. ДОПОЛНИТЕЛНИ ОБВРСКИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ОДРЕДЕНИ НАМЕНИ И АКТИВНОСТИ** | Забелешка : |


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Republika e Maqedonisë së Veriut

| | |
|---|---|
| Носителот на дозволата е должен:<br>☒ обврска за мерење и евидентирање на нивото на вода во акумулацијата, обврска за мерење на нанос;<br>☒ обврска на носителот на дозволата е за секоја промена во постројката или во режимот на работа да го извести во рок ___/___ дена, Министерството за животна на средина и просторно планирање со кое ќе побара промена на условите на дозволата и упис на измените во Водната книга. | (1)Да се врши континуирано мерење на зафат на вода од бунар и да се води уредна евиденција<br>(2) Да се врши континуирано мерење на количествата на вода што се користи и тоа за точката утврдена во дел. 1.1 од оваа дозвола и за истиот да се води уредна евиденција.<br>Носителот на дозволата е должен за секоја промена на режимот на работа да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање со кое ќе бара промена на условите во дозволата и упис на измените во Водната книга. |

**5. НАДОМЕСТОЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДАТА согласно чл. 207 од Законот за водите**

| | | |
|---|---|---|
| Носителот на дозволта е должен да пресметува и плаќа за користење на вода за индустриски и технолошки потреби | член 213 став (1) од Закон от за водит е | **2 % од утврдената цена на метар кубен вода**<br>Назив на примачот – Буџет на РМ<br>Банка на примачот – Народна банка на РМ<br>Сметка – единствена трезорска сметка 100000000063095<br>Приходна шифра и програма – 718145<br>Носителот на дозволата е должен еднаш месечно да го уплати надоместокот на следната сметка<br>Уплатна сметка – 840***07197<br>*** – се внесува ознаката на општината, на чија територија се вршат активностите<br>Надоместокот го пресметува правното лице (носителот на дозволата) и го наплатува при наплата на цената за извршена услуга за снабдување со вода и го прикажува одвоено во сметката за извршена услуга.<br>Носителот на дозволата се задолжува квартално да доставува Извештај за уплати до<br>Министерството за животна средина и просторно планирање |

**6. ДОСТАВЕНИ ДОКУМЕНТИ**

| Назив на документот | Бр. на документ от | Датум на изработка издавање | Изготвен/донесен од: |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Проект на изведена состојба за експлоатација на подземна вода од истражно експлоатационен бунар на КП 29/1 КО Косел за потребите на Гранит Скопје | тех.бр. 03-02 | Февруари 2025 | ДУТП Аква Инг Штип |
| Елаборат од извршени хидрогеолошки истражувања за експлоатација на подземна вода од бунар ЕБ-1 за потребите на ГД Гранит Скопје | | Февруари 2025 | ДУТП Аква Инг Штип |
| Решение за одобрен Елаборат за заштита на животна средина за експлоатација за влијанието на бунарот врз животната средина на бетонска база Косел во оптштина Охрид | 11-1002/3 | 20.05.2025 | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Известување за објава во дневен весник на весникот Коха и Вечер | | 24.07.2025<br>24.07.2025 | ГД Гранит Скопје |
| мислење дека има можност за користење на вода од бубар | 21-6471/3 | 20.05.2025 | Општина Охрид |
| Тековна состојба од ГД Гранит Скопје како доказ за упис во Централен регистар на Р.С.М. | 0805-50/15002 025130613 | 07.04.2025 година | Централен Регистар на Република Северна Македонија |
| Извештај за здраствена безбедност на водата | 1041/2025 | 05.03.2025година | ЈЗУ Скопје |
| Имотен Лист 1033 | 1105-1282/2025 | 21.01.2025 | Агенција за катастар на недвижности (со прибелешка на право на користење на ГД Гранит Скопје) |
| | | | |
| | | | |

**7. ВАЖЕЊЕ НА ДОЗВОЛАТА**

| | | |
|---|---|---|
| Временски период за кој се издава дозволата | Дозволата се издава со рок на важност од **6 (шест) години**. | |

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

**8. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ СО ОПИС НА ОБЈЕКТИТЕ И ПОСТРОЈКИТЕ, НАМЕНАТА, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА АКТИВНОСТА[1]**

Во случај на промена на режимот и во случај на влошената еколошка и хемиска состојба на подземната вода опишани во точка 1 и 2 од оваа дозвола, и кои се предизвикана од користење на води од ГД Гранит Скопје, Министерството за животна средина и просторно планирање ќе постави дополнителни мерки потребни за воспоставување рамнотежа. Трошоците за преземање на мерките паѓаат на товар на носителот на оваа дозвола.

Во случај на промена на прописите со кои се утврдени стандардите утврдени во оваа дозвола, Министерството за животна средина и просторно планирање ќе го извести со допис носителот на дозволата за промената на утврдени стандардите и рокот на отпочнување на нивната важност.

Содржината на дописот ќе се смета за промена на дозволата и произведува правни последици како и промената на дозволата по службена должност во смисла на Законот за водите.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

ГД Гранит Скоје поднесе барање бр. 11-1003 од 25.02.2025 година за добивање на Дозвола за користење на подземна вода од бунар ЕБ-1 за индустриски, стопански и технолошки потреби за производство на бетон. Во прилог на барањето е доставена потребната дополнителна документација која е наведена во делот 6 од дозволата.

Постапувајќи по предметот, а вклучувајќи ја и јавноста преку објава на барањето во дневен веснк Вечер и Koha и со оглед на фактот дека немаат никакви забелешки, Министерството за животна средина и просторно планирање ја продолжи постапката за издавање на дозволата. Исто така во текот на постапката прибавено е мислења од Општина Охрид со нивен бр.21-6471/3 од 20.05.2025 година. Во постапката за обезбедување на мислењата од општината беше детално елаборирано намерата на барањето и при тоа беше укажано на тоа дека се имаше предвид локацијата, оддалеченоста од населени места, како и непостоење на водоснабдителни објекти и системи за наводнување во непосредна близина. Врз основа на целокупната доставена документација се изнесува следното: ГД Гранит Скопје има основна дејност користење на технолошка вода за производтво на бетон. Локацијата на бунарот која ќе се користи за експлоатација на подземна вода ЕБ-1 се на наоѓа во КО Косел КП 29/1. Дупчењето на бунарот ЕБ-1 е изведено со пречник на дупчење ф 219 мм, со длабочина од 36 м. Нивото на водата е регистрирано на длабочина од 4,50 м. По завршување на дупчењето на бунарот е вградено бунарска конструкција од дебелозидни полни и перфорирани 10 барски ПВЦ цевки. Пречникот на ПВЦ цевките е ф 140 мм. Прочистувањето и разработката на бунарот ЕВ-1 со испирање до појава на чиста вода е вршено пред, во текот и по вградувањето на филтерскиот засип- гранулат.Прочистувањето е вршено со метода на аерлифтовање во времетрање од 12 часа.За време на разработката на бунарот постојано е следена содржината на песокот и матноста на водата. Експлоатацијата на водата од бунарот ке се врши со црпење со бунарска потопна пумпа. Преку потисен цевковод водата од бунарот се транспортира до резервоарскиот простор кој е со основна намена за израмнување на потребите и максималните потреби од вода за технолошкиот процес. Над бунарот се предвидува да се изведе бунарска куќичка. Куќичката е со намена да се овозможи сместување и заштита на опремата од атмосверски влијанија како и непречено тековно одржување на опремата. Положбата на куќичката се условува со местоположбата на дупнатината во десниот дел од објектот, така да останатиот простор да биде слободен за поставување на електромеханичката опрема предвидена во објектот. Објектот е со надворешни димензии 4,0х4,0м.Околу објектот предвидено е да се изведе заштитна ограда за да се обезбеди потребната потесна санитарна заштитна зона. Конструктивниот систем се предвидува како АБ скелетен систем. Темелите предвидено е да се изведат како лентовидни темели. Потребно е да се користи хидротехнички бетон МБ30 со докажани јакосни карактеристики

и водонепропусност. Армирањето предвидено е да се изведе со ребраста арматура РА 400-500/2 и арматурна мрежа согласно извршената статичка пресметка и димензионирање. Во бунарот се предвидува потис PE 100 OD 63 mm SDR 11 црево до излезот од бунарската глава. Во бунарот се предвидува фасонски елементи DN 50 mm кој се поврзуваат на излезот од бунарот на потис OD 63 mm.

Имајќи го во предвид наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање, во согласност со член 40 од Законот за водите донесе Решение за издавање на Дозволата за користење на вода.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО ДЕЈСТВО:**

Против ова решение носителот на дозволата има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на решението со кое се издава дозволата преку Министерството за животна средина и просторно планирање до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен кога одлуката ја носи орган на државната управа.

| | |
|---|---|
| **ОВЛАСТУВАЊЕ И ПОТПИС:** | |
| **Izet Mexhiti** | |
| **Својство: МИНИСТЕР /MINISTËR** | |
| **Потпис /Nënshkrim:** | **Датум /Data:** 11-08-2025 |

| | |
|---|---|
| Изработил/Përpiloi: | Kasam Zeqiri Раководител на одделение/ Udhëheqës njësie |
| Одобрил/Aprovoi: | Ylber Mirta Раководител на сектор/Udhëheqes sektori |
| Согласен / Miratoi: | Husamet Agushovski, Посебен советник / Këshilltarë i posaçëm |
| | **Управа за животна средина**<br>**Директор**<br>**Игор Никоски** |
| | |
| | |



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија

Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403

www.moepp.gov.mk